# РАБОТНА ПРОГРАМА НА ЦЕПРОСАРД ЗА 2021 ГОДИНА

*Продолжуваме вклучувајки ги сите*

CeProSARD

# СОДРЖИНА

1. ПОЛИТИКИ НА КОИ СМЕ ПОСВЕТЕНИ ..... 2
2. ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ КОИ ГИ ПРОМОВИРАМЕ ..... 4
3. ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА РАБОТНА ПРОГРАМА ..... 5
3.1 Поврзаност со нашите стратешки цели ..... 5
3.2 Планирани активности за спроведување на Работната програма ..... 10
АНЕКС 1 - Листа на клучни активности и разултати На Работната програма за 2020 г. ..... 14

# 1. ПОЛИТИКИ НА КОИ СМЕ ПОСВЕТЕНИ

Во 2021 година продолжуваме да ги следиме насоките на Европската унија (ЕУ). ЕУ направи силни заложби за поддршка на спроведувањето на Агендата 2030 за одржлив развој (UN, 2015) и Парискиот договор за климатски промени (UNFCCC, 2015), усвоен во 2015 година. И покрај ново настанатата состојба со пандемијата со вирусот КОВИД 19, применувајќи ги мерките за заштитапропишани од Светската Здравствена Организација (СЗО), ќе изнаоѓаме начин за дигитална меѓусебна комуникација и реализција на нашите цели.
За постигнување на зацртаните цели потребно е радикално забрзување на вклучувањето на животната средина и климатските промени во развојните политики, планови и програми.

Ќе се стремиме да ги постигнеме зацртаните цели:

1. ревитализацијата и одржливиот развој на руралните средини,
2. традиционално производството на храна
3. одржување на обуки и работилници на населението и бизнисите во земјата во врска со ревитализацијата и одржливиот развој на руралните средини, традиционално производство на храна, подобрување на финансиската писменост земјоделците, зачувување на културното наследство, економско зајакнување на жената и сл.
4. климатски промени,
5. соработка со сродни или слични здруженија во земјата и странство заради поттикнување и зачувување на животната средина,
6. заштеда на енергија,
7. користење на обновливи извори на енергија,
8. одржување на обуки и работилници на населението и бизнисите во земјата во врска со зачувување на животната средина, намалувањето на влијанијата од климатските промени, користење на обновливи извори на енергија, заштеда на енергијата, подобрување на финансиската писменост на сите чинители во заедницата, економско зајакнување на сите ранливи групи и сл.
9. Во 2021година нема да ги изоставиме ни лицата со попреченост и ќе продолжиме вклучувајќи ги сите субјекти во заедницата.

Вклучувањето на животната средина и климатските промени (адаптација и/или ублажување) во развојот на ЕУ подразбира:

→ **Зајакнување на соработката** помеѓу ЕУ и нејзините партнери за интегрирање на животната средина и климатските промени во сите области на соработка за да се зајакнат можностите за одржлив развој и да се ублажат потенцијално штетните ефекти;

→ **Пронаоѓање влезни точки за активирање и катализирање на промените** - на политичко, институционално и техничко ниво - градење на свеста за придобивките од интегрирањето на животната средина и климатските промени и поддршка на транзицијата кон зелена економија со ниско ниво на јаглерод;

→ **Поддршка на политиките, плановите и процесите на спроведување** преку поддршка на лидерството, институционалниот капацитет и напорите од страна владата и граѓанското општество за интегрирање на размислувањата за животната средина и климатските промени во развојот

→ **Социјалната еднаквост и солидарност** преку подигнување на јавната свест во заедницата. Не еднаквостите на можностите можат да попречат делови од населението во социјалното вклучување и пазарот на трудот, попречувајќи ги изгледите за раст. Справувањето со нееднаквостите е клучно за јавноста да ја поддржи транзицијата на одржливоста

→ **Градење на продуктивен капацитет** преку имплементирање на интегрирани политики, вклучително и индустриски политики, политики за рурален развој и развој на човечки средства во поддршка на инклузивен развој.

Вклучувањето бара промени во свеста на јавноста, во идеите така и во практиките.

## 2. ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ КОИ ГИ ПРОМОВИРАМЕ

Целите за одржлив развој кои ги промовираме во 2012 година ќе бидат нераскинливо поврзани со социјалниот аспект и главно мото кое ќе го следиме ќе биде “Leaving no one behind”.

Вклучувањето на животната средина и климатските промени во развојот на сите сектори на делување со подобрување на социјалните состојби, е суштинско за постигнување на голем дел од целите за одржлив развој (ЦОР), особено следните:

- → Цел 7 – Да се обезбеди пристап до пристапна, одржлива и модерна енергија по пристапна цена за сите;
- → Цел 12 – Да се обезбедим одржлива потрошувачка и производство;
- → Цел 13 – Да се преземат итни дејствија за борба против климатските промени и нивните влијанија
- → Цел 10 – Да се намалат нееднаквостите меѓу земјите и внатрешната нееднаквоста во нив

Вклучувањето на животната средина и климатските промени во сите сектори на делување, со подобрување на социјалните состојби, придонесува и кон:

- → Цел 9 - Изградба на отпорна инфраструктура, промовирање инклузивна и одржлива индустријализација и поттикнување иновации;
- → Цел 11 - Да ги направиме градовите и домовите инклузивни, сигурни и одржливи;
- → Цел 15 - Заштита, обнова и промоција на оддржлива употреба на копнените екосистеми, оддржливо менаџирање на шумите, намалување на опустинување, запирање на деградација на земјиштето и запирање на уништувањето на биолошката разновидност;
- → Цел 17 - Зајакнување на имплементацијата и ревитализирање на глобалното партнерство за одржлив развој.

Со реализацијата на оваа Програма ние ги промовираме целите за одржлив развој на национално ниво за вклучување на животната средина и климатските промени во сите сектори на делување со подобрување на социјалните состојби.




# 3. ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА РАБОТНА ПРОГРАМА

## 3.1 Поврзаност со нашите стратешки цели

*Нашата стратешка Работка програма 2020-2023* ни обезбедува стратешка насока за нашата работа во наредните четири години, и ги рефлектира нашите потреби и клучните предизвици во имплементацијата; ни помага да ги носиме одлуките за инвестирање на нашите ресурси во специфични проекти и активности.

Работната програма за 2021 е базирана на моменталниот контекст во земјата во однос на животната средина и климатските промени, со особен фокус на секторот енергетика како

проблем кој е поврзан со разни области кои влијаат на квалитетот на живот на граѓаните, со подобрување на социјалните состојби.

Програмата е базирана на мисијата на ЦеПроСАРД

→ Промовирање на поширок граѓански ангажман во процесот на креирање политики и реформскиот процес, што ќе придонесе за одржлив развој на секторот животна средина и климатски промени и ќе има клучно влијание врз животот на граѓаните.

Програмата е **базирана на Стратешката цел I**

→ Подобрување на капацитетите за дијалог, соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество ијавните институции (на национално и локално ниво) со вклучување на животната средина и климатските промени (адаптација и/или ублажување) и да се придонесе кон имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој.

Во согласност со идентификуваните трендови во развој, ние сме посветени:

→ **Следните четири години** да работиме на градење вештини и компетенции на релевантни ГО кои работат во областа на животната средина и климатските промени (на национално и локално ниво), особено во областа „енергетика", „зелена економија", „земјоделство и рурален развој" *(Стратешка работна програма, Цел I);*

→ **До крајот на 2021 година** да ги зголемиме капацитетите на релевантните ГО за да работат со институциите на вклучување на секторот енергетика со подобрување на социјалниот статус на сите чинители и да придонесеме за имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој.

Со овие активности, ќе овозможиме граѓанското општество во нашата земја да стане *порепрезентативно во политичкиот дијалог со јавните институции*, така што ќе се

зајакне преку вмрежување, партнерство и градење коалиции (започнување нови партнерства, учество во регионални структури и мрежи поврзани со националните реформски приоритети и учество во постоечки специјализирани мрежи поврзани со надлежните власти, ГО, приватниот (бизнис) сектор или научни институции).

Програмата е поврзана со неколку стратегии и програми на национално ниво, како на пр. Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Националната стратегија за одржлив развој, Стратегијата за развој на енергетиката, Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација, Закон за социјална заштита. Програмата исто така е во синергија со повеќе иницијативи на ЕУ.

Активностите на Програмата се базирани на долгогодишното искуство на организацијата и бројните студии и анализи спроведени во изминатите 13 години работење. ЦеПроСАРД како организација препозаена во споменатиот сектор, има имплементирано голем број проекти и активности во соработка со релевантни ГО од областа на животната средина, социјаланата заштита, релевантни локални и национални институции, образовни институции, бизнис секоторот, итн.

Оваа Програма има за цел да ги зголеми капацитетите на релевантните ГО, како и институциите на вклучување на секторот енергетика, рурален развој и социјална заштита и да придонесе за имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој.

Вклучува активности за зајакнување на капацитетите на ГО од областа на животната средина и климатските промени, со фокус на:

- → Рамномерен рурален развој;
- → Подобрена социјална заштита;
- → Енергетска ефикасност (ЕЕ) и обновливи извори на енергија (ОИЕ);
- → Зголемена техничка и финансиска писменост на населението и бизнис секторот и
- → Подобрување на вештините за лобирање на ГО во областа, со цел понатамошен развој на граѓанскиот дијалог, поголем придонес во иницијативите за политиките и за следење, јавно застапување итн.

**Целна група** - ГО кои работат во областа на животната средина, климатските промени и социјалната заштита.

ГО кои работат во областа на животната средина, климатските промени и социјалната заштита се исто така и **крајни корисници** на Програмата, заедно со релевантните институции, како Агенцијата за енергетика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министертството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Регулаторната комисија за енергетика.

**Општа цел** е да се подобри партиципаторната демократија со креирање механизми и опкружување за граѓанското општество да ја зајакне својата позиција како одговорен партнер во процесите на креирање и донесување политики во областа на животната средина и климатските промени.

Програмата опфаќа неколку идентификувани проблеми на повеќе нивоа:

→ Со воспоставување на коалиција и механизми, ќе придонесе за надминување на проблемот со неорганизирана акција на ГО;

→ Градењето капацитети на ГО ќе придонесе за надминување на недостатокот на знаење во областа и вештини за лобирање; и

→ Воспоставувањето на систем за редовни консултации (состаноци) на засегнатите страни ќе овозможи да се надмине досегашната пракса на недоволно учество на ГО во процесите на донесување политики.

→ Градење партнерства со единиците на локалната самоуправа за рамномерен раст и социјално згрижување на ранливите групи.

Програмата е дизајнирана и ќе биде имплементирана во согласност со принципите за **добро владеење и човекови права, родова еднаквост, културен диверзитет и одржливост на животната средина, како и инклузија на социјално и економски рансливите групи**. Се однесува на целата популација, односно целта е да се подобрат условите за живот за сите, вклучително и за лицата со попреченост, децата, младите и возрасните луѓе, што е

суштинско доколку сакаме да имаме прогрес кон милениумските цели и повеќе. При имплементација на програмата ќе се придржуваме до тоа да продолжиме вклучувајки ги сите, односно придржувајќи се до аспектот - “Leaving no one behind”.

Подготовката на Рабтната програма беше водена од принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и заложбата на ЕУ да го поддржува и застапува почитувањето на човековите права, каде пристапот на човекови права цели кон градење инклузивно, општество базирано на права, посветено на различноста, еднаквоста и еднаквото учество на сите. ЦеПроСАРД поддржува активности за создавање на општество што ќе обезбеди сите луѓе - вклучително и лицата со посебни потреби – да имаат еднакви можности. Затоа овој аспект се развива како заедничка меѓусекторска тема во сите области на нашата работа и во Работната програма

Уште од самото основање, нашата организација особено се залага за вклучување на аспектот на родова еднаквост во спроведувањето различни активности и го препознава различното влијание на родовите групи. Тоа може да се види и преку застапеноста на жените вработени во организацијата, нивно назначување на позиции каде работните задачи подразбираат донесување одлуки, како и во разни тела на организацијата, во проектите и активностите. Еднаква застапеност и бенефит за сите се предвидува и при реализацијата на Програмата: ЦеПроСАРД ќе настојува на застапеност на жените со најмалку 50%, со што ќе се придонесе за зајакнување на улогата на жената во граѓанскиот сектор кој делува во областа на заштитата на животната средина. Лицата со попреченост се ранлива група и нивното вклучување во заедницата во која припаѓаат ќе допринесе за подобар и инклузивен развој на сите чинители во општеството.

Во согласност со визијата и мисијата на ЦеПроСАРД, Работната програма се базира на воведување и промоција на одржлив развој со фокус на заштитата на животната средина и климатските промени и подобрување на социјалните состојби во заедницата.

Таа е посветена на овозможување на чиста, безбедна и здрава околина за целото население.

Програмата ќе придонесе за креирање на здрава околинна како клучен фактор за одржлив развој. За да го подобриме животот на луѓето на долг рок, *„ние мораме да го промениме нашиот однос со животната средина: растот и одржливоста можат да одат рака под рака ако овој императив се спроведува на сите нивоа. Инклузивната зелена економија ја нуди можна насока“*.

## 3.2 Планирани активности за спроведување на Работната програма

За реализација на Работната програма, планирани се четири групи на активности.

**Група на активности А.1 - Воспоставување на трипартитно партнерство помеѓу најмалку три единици на локалната самоуправа, бизнис секторот и ГО од областа на одржливиот развој со фокус на животната средина, климатските промени и социјалните аспекти, со цел економски раст и развој во заедницата:**

→ <u>А.1.1 Организирање информативен настан</u> за поттикнување поголемо учество на засегнатите страни во активностите за воспоставување на трипартитно партнерство;

→ А.1.2 Консултативни средби со јавните институции ,единиците на локалната самоуправа и бизнис секторот за да се поддржи подготовката на секторски извештај за политиките Стратегија за развој на единица за локална акциска група (ЛАГ);

→ <u>А.1.3 Подготовка на извештај за секторските политики и препораки за ефикасно вклучување на животната средина, климатските промени и подобрување на социјалните услуги</u> кои ќе обезбедат насоки за изработка на Стратегија за развој на единица за локална акциска група (ЛАГ)

→ <u>А.1.4 Развој на Стратегија на ЛАГ-от</u> како основа за планирање на нејзините идни активности;

→ <u>А.1.5 </u>Креирање Платформа за размена на информации (ПРИ) за потребите на сите чинители особено на ранливите групи во заедницата со цел подобар еконмски раст во ЛАГ-от држејќи се до принципот “Leave no one behind”.

**Група на активности А.2 - Состаноци за зајакнување на соработката меѓу ГО, бизнис секторот и институциите и подобрување на социјалниот статус на ранливите групи:**

- → А.2.1 Проценка на ГО и бизнис секторот кои работат во делот на социјалната заштита преку анализа на постоечка состојба и прифаќање на владеењето на жените како „хранители“
- → А.2.2 Спроведување на обуки за заштитата на социјално ранливите групи (обуки на асистенти за поддржано живеење).
- → А.2.3 Формирање на активни локални групи за самопомош со различни етнички профили кои работат заедно против предрасудите, етничката нетолеранција во заедницата

**Група на активности А.3 - Градење на капацитетите на бизнис секторот, општините и ГО од областа на животната средина (фокус на ЕЕ и ОИЕ), климатски промени, како и секторско лобирање:**

- →А.3.1 Континуирана проценка на ставот и потребите на ГО и бизнис секторот од делот на животна средина и клима со особен фокус на секторот енергетика (ЕЕ и ОИЕ). Преку идентификуваните капацитетите и потребите на ГО и бизнис секторот поврзани од предметните области, како и вештините за застапување и лобирање ќе се продолжи со постоечките обуки и креирање на нови програми за до – обука во областа.
- →А.3.2 Организирање обука за техничка(користење на нови софтвери за пресметка на ЕЕ) и финансиска писменост на ГО и бизнис секторот во специфичните експертски области (ЕЕ, ОИЕ и климатски проемени) со што ќе се овозможи на ГО и бизнис секторот да го подобрат своето знаење, вештини и позиција во идните активности

**Група на активности А.4 - Промотивна и кампања за подигање на јавната свест**::

- → А.4.1 Подготовка на промотивни материјали;
- → А.4.2 Кампања на социјални медиуми за поттикнување на учеството на ГО и другите чинители во активностите;

→ A.4.3 Јакнење на јавна свест за придобивките од социјалното вклучување на маргинализираните и ранливи групи, намалување на сиромаштијата, промена на традицијата и патријархалните норми и прифаќање на владеењето на жените како „хранители“

→ A.4.4 Организација промотивен настан за да се презентираат резултатите од Програмата/ Стратегијата, алатките и механизмите и да се придонесе кон идни иницијативи и активности.

**Очекуван резултат од Работната програма** е *да се зајакнат капацитетите и улогата на ГО, ЕЛС, бизнис секторот за заедничко спроведување на нивните основни активности во економско јакнење и зачувување на животната средина преку заедничко здружување во ЛАГ-ови.* Ќе се постигне преку:

1. Воспоставување на трипартитно партнерство помеѓу најмалку три општини, бизнис секторот и ГО од областа, вклучително и механизам за заедничка акција (стратегија, систем за размена на информации и сл.) - поврзано со Резултат 1 (Р1): Креирана Локална Акциска Група помеѓу најмалку три општини, бизнис секторот и ГО од областа на животната средина, климатските промени и социјалните аспекти и Платформа за Размена на Информации (ПРИ)*;*
2. Воспоставување на механизми за редовни консултации и размена на информации – поврзано со Резултатот 2(Р2): Воспоставено силно и одржливо партнерство меѓу ГО, бизнис секторот и релевантните институции со цел заедничка акција која позитивно ќе влијае на добросостојбата на луѓето и економскиот инклузивен развој во заедницата; Подобрени знаења во делот на социјалната заштита на ранливите групи
3. Програма за обуки за да се подобрат знаењето за теми во областите поврзани со енергијата и климата, финансиската писменост, но и за лобирање во овој сектор, поврзани со Резултат 2 (Р3): Македонските ГО и бизнис секторот, имаат зајакнати технички капацитети, зголемена финансиска писменост и улога во дијалогот со носителите на одлуки и можат да комуницираат и застапуваат за еколошки и социо-економски придобивки.
4. Промотивни и активности за јакнење на свеста за да се охрабри поголемо учество на засегнатите страни - поврзано со Резултат 4 (Р4): ГО, бизнис секторот и општините се свесни за потребата од заеднички активности и за важноста на нивната улога во

процесите на донесување одлуки, социјалното зајакнување во заедницата и намалување на нееднаквоста во заедницата.

**Главна претпоставка** за постигнување на резултатите е дека постои интерес од општините, бизнис секторот и ГО да учествуваат и да се приклучат на трикратното јавно приватно партнерство.

**Главниот ризик** е посветеноста на надлежните органи редовно и активно да учествуваат на состаноците со чинителите.

## Листа на клучни активности и разултати

## На Работната програма за 2021 година „Продолжуваме вклучувајки ги сите“

| р. | Главни активности | Резултат |
|---|---|---|
| 1. | **Воспоставување на трипартитно партнерство помеѓу најмалку три единици на локалната самоуправа, бизнис секторот и ГО со цел економски раст и развој во заедницата** | Креирана Локална Акциска Група помеѓу најмалку три општини, бизнис секторот и воспоставена Платформа за Размена на Информации (ПРИ) |
| | 1.1. Организирање информативен настан за воспоставување на трипартитно партнерство | |
| | 1.2. Подготовка на извештај за секторските политики и препораки кои ќе обезбедат насоки за изработка на Стратегија за развој на единица за локална акциска група (ЛАГ) | |
| | 1.3. Развој на Стратегија на ЛАГ со акциска програма | |
| | 1.4. Креирање Платформа за размена на информации (ПРИ) за потребите на сите чинители особено на ранливите групи во заедницата со цел подобар еконмски раст во ЛАГ-от држејќи се до принципот “Leave no one behind” | |
| 2. | **Состаноци за зајакнување на соработката меѓу ГО, бизнис секторот и институциите и подобрување на социјалниот статус на ранливите групи** | Воспоставено силно и одржливо партнерство меѓу ГО, бизнис секторот и релевантните институции со цел заедничка акција која позитивно ќе влијае на добросостојбата на луѓето и економскиот инклузивен развој во |
| | 2.1 Проценка на ГО и бизнис секторот кои работат во делот на социјалната заштита преку анализа на постоечка состојба и прифаќање на владеењето на жените како „хранители“ | |
| | 2.2 Спроведување на обуки за заштитата на социјално ранливите групи (обуки на асистенти за поддржано живеење) | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.3 Формирање на активни локални групи за самопомош со различни етнички профили кои работат заедно против предрасудите, етничката нетолеранција во заедницата | заедницата; Подобрени знаења во делот на социјалната заштита на ранливите групи; ГО имаат знаења во делот на социјалната заштита на ранливите групи |
| 3. | **Градење на капацитетите на бизнис секторот, општините и ГО од областа на животната средина (фокус на ЕЕ и ОИЕ), климатски промени** | Македонските ГО и бизнис секторот технички капацитети, зголемена финансиска писменост и улога во дијалогот со носителите на одлуки. Тие можат да комуницираат и застапуваат за еколошки придобивки; |
| | 3.1. Преку идентификуваните капацитетите и потребите на ГО и бизнис секторот поврзани од предметните области, ќе се продолжи со постоечките обуки и креирање на нови програми за до – обука во областа | |
| | 3.2. Обука за техничка и финансиска писменост на ГО и бизнис секторот во специфичните експертски области (ЕЕ, ОИЕ и климатски проемни); | |
| 4. | **Јакнење на свеста и промотивна кампања** | ГО, бизнис секторот и општините се свесни за потребата од заеднички активности и за важноста на нивната улога во процесите на донесување одлуки, социјалното зајакнување и намалување на нееднаквостите во заедницата. |
| | 4.1. Кампања на социјални медиуми за поттикнување на учеството на ГО, бизнис секторот и другите чинители во активностите | |
| | 4.2. Кампања на социјални медиуми за поттикнување на учеството на ГО и другите чинители | |
| | 4.3. Јакнење на јавна свест за придобивките од социјалното вклучување на маргинализираните и ранливи групи, намалување на сиромаштијата, промена на традицијата и патријархалните норми и прифаќање на владеењето на жените како „хранители“ | |
| | 4.4. Промотивен настан за да се презентираат резултатите од Стратегијата, алатките и механизмите и да се придонесе кон идни иницијативи и активности | |